Друштво за производство на мелнички, пекарски и други производи и промет на мало и големо
**ЖИТО ПОЛОГ АД** Тетово

| Примено : Pranuar : | 0804 2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един : Njësia : | Број : Numër : | Прилог : Shtojcë : | Вредност : Vlera : |
| 0201 | 126/1 | | |

**ДО**
**ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ**
**НА ЖИТО ПОЛОГ АД ТЕТОВО**

**За СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**

Врз основа на член 390 став 4 и 6 од Законот за трговски друштва , **акционерот Сергеј Самсоненко кој поседува повеќе од 5% од вкупниот број на акции со право на глас издадени од Жито Полог АД Тетово,** во законски определениот рок на ден 08.04.2022 го поднесува следното

# Б А Р А Њ Е

## За дополнување на објавениот дневен ред за Годишно Собрание на акционери на Жито Полог АД Тетово закажано за ден 04.05.2022 год со нови две точки и предлог одлуки по точките со кои се бара дополнување на дневниот ред

**Дневниот ред** за седницата на Годишното Собранието на акционери на Жито Полог АД Тетово , закажана за ден 04.05.2022 година преку Јавен повик за свикување на Собрание на акционери на Жито Полог АД Тетово , објавен на ден 02-03.04.2022 год. во дневниот весник „Нова Македонија„ на веб страната на Македонска Берза АД Скопје и на официјалната интернет страница на Жито Полог АД Тетово , **БАРАМ да се дополни со нови две точки и тоа :**

- **Точка бр. 12. Донесување на одлука за отповикување на член на Одборот на директори на Жито Полог АД Тетово**
- **Точка бр.13. Донесување на одлука за избор на член на Одборот на директори на Жито Полог АД Тетово.**

Со барањето истовремено поднесувам и предлог – одлуки по точките со кои барам да се дополни објавениот дневен ред за Годишното Собрание на акционери на Жито Полог АД Тетово закажано за ден 04.05.2022 година и тоа:

**-по точката „ 12. Донесување на одлука за отповикување на член на Одборот на директори на Жито Полог АД Тетово, ја предлагам следната предлог-одлука:**

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 363 став 1 член 383 став1 точка 3 од Законот за трговски друштва како и член 64 став 1 точка 3 од Статутот-Пречистен текст на " Жито Полог " АД – Тетово, Собранието на акционери на "Жито Полог " АД – Тетово на седницата одржана на ден 04.05.2022 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

## За отповикување на член на Одборот на директори на "Жито Полог" АД – Тетово

### Член 1

**СЕ ОТПОВИКУВА** Зорица Арсовска со место на живеење на на ул. Вич бр.28/8 во Скопје, дипломиран економист, државјанин на РМ од функцијата неизвршен независен член на Одборот на директори на Жито Полог АД Тетово .

### Член 2

Се овластува Генералниот Извршен директор на Жито Полог АД Тетово да овласти регистрационен агент кој ќе ја поднесе пријавата за упис во Централен регистар на РСМ.

### Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето

По еден примерок од Одлуката да се достави до :

- трговскиот регистар;
- членовите на Одборот на директори;
- правен сектор;
- архива

**-по точката „ 13. Донесување на одлука за избор на член на Одборот на директори на Жито Полог АД Тетово, ја предлагам следната предлог-одлука:**

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 344 став 1 и 5, 363 став 3, 365 став 1 и 6, 367 став 2 и 3 и 383 став1 точка 3 од Законот за трговски друштва како и член 64 став 1 точка 3, 84 став 2, член 85 став 1, 5 и 10, од Статутот-Пречистен текст на " Жито Полог " АД – Тетово, Собранието на акционери на "Жито Полог " АД – Тетово на седницата одржана на ден 04.05.2022 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

**за избор на член на Одбор на директори**
**на Жито Полог АД – Тетово**

I. За член на Одборот на директори на Жито Полог АД – Тетово СЕ ИЗБИРА:

1. СТОЈНА МАЏАРЕВА со место на живеење на ул.Булевар Партизански Одреди бр.155/1-17 во Скопје - Карпош , ВСС, државјанин на Република Северна Македонија, со мандат до истекот на мандатот на останатите членови на Одборот на директори, односно со мандат до 06.04.2025 година

II. Неизвршниот член на Одборот на директори, има право на :

- месечен паушал во нето износ од 20.000,00 денари;
- право и на надомест на сите други трошоци, како и други права што се поврзани со вршењето на нивната функција(користење на работни простории, потребни средства за работа, право на користење на возило и друго) за што одлука донесува Одборот на директори

III. Средствата што се исплатуваат на членовите на Одборот на директори , се трошоци на работењето на Друштвото.

IV. **СЕ ОВЛАСТУВА** извршниот член на Одборот на директори на Жито Полог Ад Тетово, да ја потпише целокупната потребна документација за упис на избраниот член во Одборот на директори на Жито Полог Ад Тетово, да избере регистрационен агент и да му даде полномошно за преземање на сите дејствија за составување и поднесување на пријава и прилози кон пријавата во Трговскиот регистар на РСМ, за упис на изборот на член на Одборот на директори на Жито Полог АД Тетово.

V. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

VI. По еден примерок од одлуката да се достави до:

- трговскиот регистар;
- членовите на Одборот на директори;
- правен сектор;
- архива

**ПОДНОСИТЕЛ НА БАРАЊЕ**
**Сергеј Самсоненко**